**АГРОКУМАНОВО АД**
**Бр. 02 - 147/1**
**05.12.2016 год.**
**К У М А Н О В О**

**Врз основа на чл. 32, 56 и чл. 65 од Статутот и Одлуката за свикување на Собрание на на акционери на Друштвото бр. 02 - 147 од 01. Декември 2016 година, Одборот на деректори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, на ден 05.12.2016 год. испраќа:**

# П О К А Н А

**за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

**Седница на Собрание на акционери на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, ќе се одржи на ден 12. Јануари 2017 год. /четврток/, со почеток во 13,00 часот, во седиштето на Друштвото, на ул. Индустриска бр.11, Куманово, со следниов предлог на ДНЕВЕН РЕД:**

**Процедурален дел**

**1. Избор на претседавач и бројач/и на гласови на Собранието;**
**2. Усвојување на дневен ред;**
**- Записник ќе го води Нотар.**

**Работен дел**

**1. Отповикување на член на Одборот на директори на Друштвото; и**
**2. Избор на нов член на Одборот на директори на Друштвото.**

Вкупниот број на акции со право на глас за учество на Собранието на АГРОКУМАНОВО АД Куманово на денот на испраќањето на поканата се **25.554** обични акции.

Се покануваат акционерите своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание на акционери со пријава за учество до Одборот на директорите на АД, лично или преку полномошник.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред.

Акционерите можат да предложат одлука по предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред по писмен пат до Одборот на директорите на Друштвото во рок од 8 дена од денот испраќањето на поканата.

Материјалите за Собранието и образецот на полномошното се достапни на акционерите во седиштето на Друштвото од денот на испраќањето на поканата, секој работен ден од 12,00 до 15,00 часот и на интернет страница на Друштвото - **www.agrokumanovo.com.mk.**

**АГРОКУМАНОВО АД Куманово**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**